**20151233665**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11, 136/11 и 123/12), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ЖИВИНА И ДИВИ ПТИЦИ, КАКО И ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВИНА И ДИВИ ПТИЦИ ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКО ПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Решението за забрана на увоз и транзит на живина и диви птици, како и производи и нуспроизводи од живина и диви птици заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 183/14, 200/14, 17/15 и 35/15), во членот 2 став (2), зборовите “15 ноември 2014 година“ се заменуваат со зборовите “8 мај 2015 година“.

Прилогот се заменува со нов Прилог, кој  е составен дел на ова решение.

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 02-317/5
8 јули 2015 година
Скопје

Агенција за храна и ветеринарство
Директор,
м-р **Зоран Поповски,** с.р.

Прилог

1. Израел
- Дистриктот Северен Израел (Northern District of Israel)